**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3536/**

# З А П И С Н И К

**Од 251.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 05.06.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим**,**м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**.**

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата започна во 14.40 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 250.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Извештаи на ААВМУ за изборното медиумско претставување на МРТ за Парламентарни избори и втор круг на Претседателски избори 2024 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 250.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 250.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 250.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот советна МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 250.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Извештаи на ААВМУ за изборното медиумско претставување на МРТ за Парламентарни избори и втор круг на Претседателски избори 2024 година.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Ристе Панов кој пред присутните го образложи целиот извештај.
Ристе Панов во продолжение посочи дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги објави извештаите за изборното медиумско претставување за Парламентарните избори 2024 од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај и за вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024 од 25 април до 6 мај. Со мониторингот беа опфатени програмски сервиси на комерцијалните национални телевизии и програмите на Јавниот сервис – МРТ 1, МРТ 2 и Собранискиот канал. Агенцијата констатираше дека сите телевизии од примерокот за мониторинг на медиумското покривање на вториот круг од Претседателските избори известуваа правично, избалансирано и непристрасно, почитувајќи го принципот на еднаквост што е професионална обврска од Изборниот законик.Кај јавниот сервис, уште еднаш агенцијата потврди дека ограничувањата во одредбите од Изборниот законик за поделбата на времето во вестите, не обезбедуваат суштински баланс во известувањето.
Во Извештајот за изборното медиумско претставувањево вториот круг за претседателските кандидати од изборната кампања од 25 април до 6 мај 2024 година, за Првиот програмски сервис МРТ 1 форматот на известување дневноинформативни емисии начесто се користени жанрови вест, вест во низа и извештај. Во извештајот е наведено дека Првиот програмски сервис на Македонската телевизија и во вториот круг од Претседателските избори ја задржал структурата од ИЗ што треба да ја спроведува во текот на изборната кампања во дневноинформативните емисии: 30% од времето да емитува информации за дневните настани од државата и од светот; 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; 30% од времето да информира за активностите на опозициските партии, а во преостанатите 10% - за активностите на партиите што не се претставени во Собранието. На тој начин се остварил првиот дел од двостепената постапка за исполнување на балансот во дневноинформативните емисии, утврден во членот 76-а став 2 од ИЗ. И во вториот круг од претседателските избори беа одвоени речиси еднакви времиња за активностите на партиите од власта и за активностите на партиите од собраниската опозиција.
Со тоа МРТ1 го почитувал принципот за избалансирано известување утврден во членот 76-а став 3 од ИЗ. Во вториот круг од Претседателските избори, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, во централното дневноинформативно издание на вестите, редовно информираше за активностите на двајцата кандидата за претседател на државата што ја продолжија изборната трка, проф. д-р Стево Пендаровски и проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова. Со оглед на тоа дека во исто време се одвиваше и кампањата за Парламентарните избори, МРТ 1 се трудел да одвои приближно еднакво време на двете посочени временски ограничувања 30% со 30%, а притоа во секоја од нив да не направи дисбаланс во одвоените времиња на политичките субјекти коишто влегуваат во групата политички партии на власт, или во втората група, политички партии во опозиција, ако се има предвид дека во првата група требаше да информира за активностите на двете коалиции и претседателскиот кандидат,а во втората за активностите на четирите политички субјекта и за кандидатката за претседател.

МРТ1 го почитувал и правилото од член 76-а став 12 за известувањето за редовните активности на претставници на извршната и на општинските власти не беше во функција на нечија изборна кампања.
Во форматот Посебни информативни емисии, за интервју во извештајот е наведено дека МРТ1 во вториот круг од Претседателските избори направил напори да реализира дебатно соочување меѓу двајцата кандидата за претседателската функција, но проф. д-р Стево Пендаровски го откажал учеството во дебатата. Поради згуснатата агенда, не прифатил покана и за интервју. Од тие причини, во рамки на емисијата „Избори 2024“, било емитувано само интервју со проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова.
Во форматот Други информативни емисии, во две од магазинските изданија на информативната емисија 360 Степени.
За Вториот програмски сервис МРТ2 во Извештајот за изборното медиумско претставување во вториот круг за претседателските кандидати од изборната кампања, се наведува дека во форматот дневноинформативни емисии најчесто користени жанрови се користеле вест, вест во низа и извештај.
Поради законската обврска целината на централното издание на ТВ дневникот да се подели во рамномерни процентуални третини – за власта 30%, за опозицијата 30%, за вести од државата и од светот 30%, и 10% инфо-време за вонпарламентарната опозиција - од уредувачкиот пристап на информативната редакција на МРТ2 - Вториот програмски сервис на Македонската радиотелевизија, принудно произлезе видлива отстапка од законскиот - принцип на еднаквост - во дневноинформативниот третман на изборните активности на обајцата претендента за претседател/ка на државата: - 21 минута и 20 секунди беа отстапени за кампањата на проф. д-р Стево Пендаровски, кандидатот на владејачката СДСМ, а – 9 минути и 7 секунди за проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова, кандидатката на опозициската ВМРО ДПМНЕ. Агенцијата наведува дека причини за оваа било: Ако се погледне детално содржината на прилозите што влегле во третината (30%) за парламентарната опозиција (вкупно – 1 час 47 минути 7 секунди), ќе се види дека покрај времето отстапено за проф. д-р Сиљановска-Давкова, во пресметката морале да влезат и прилози за коалициите: „Твоја Македонија“ (ВМРО ДПМНЕ); ВЛЕН/ВРЕДИ; Храбро за Македонија(ГРОМ), и за партијата Левица.Од друга страна, пак, во третината 30% за власта (вкупно – 1 час 52 минути), покрај прилозите за кампањата на проф. д-р Пендаровски, во пресметката законски задолжително влегле и прилози за кампањата само на две коалиции: Европска иднина (СДСМ) и „Европски фронт“ (ДУИ).
Во форматот Посебни информативни емисии, во анализираниот период за вториот круг од Претседателските избори, МРТ2 не емитувал интервју ни дебата меѓу проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски.
Собраниски канал, Според членот 76-а став 8 од ИЗ, програмскиот сервис наменет за активностите на Собранието има обврска за време на изборната кампања да обезбеди бесплатно политичко претставување и тоа по три часа на кампањите на политичките партии застапени во Собранието, и еден час за кампањите за подносителите на листи што не се застапени во Собранието.
Минимално, во периодот на вториот круг од кампањата за избор на претседател на државата од 25 април до 6 мај, своето право за БПП го искористиледвајцата кандидати проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова, секојдневно со по близу 12 минути со варијанти од снимени изборни спотови, а Стево Пендаровски на ист начин, секојдневно со снимен изборен материјал од близу 2 минути.
Во Извештајот за изборното медиумско претставување од 18 до 22 април и од 25 април до 6 мај за Парламентарните избори 2024 година се наведува дека, исто како и претходниот Извештај за претседателските мониторирани се трите програмски сервиси на јавниот сервис МРТ 1 , МРТ 2 и Собранискиот канал. И во овој Извештај се наведува дека Јавниот сервис го има задржано истиот формат на информирање.
МРТ1-Првиот програмски сервис на Македонската радиотелевизија во Дневно информативните емисии во текот на кампањата за Парламентарните избори, Агенцијата наведува дека е соодветно одговорено на наметнатите барања од ИЗ што е обврзан да ги

спроведува во текот на изборната кампања во поглед на структурата во дневноинформативните емисии со процентуалниот соднос. На тој начин МРТ 1 го остварил првиот дел од двостепената постапка за исполнување на балансот во дневноинформативните емисии, утврден во членот 76-а став 2 од ИЗ. За активностите од кампањите на политичките партии на власт и за активностите на политичките субјекти што ја сочинуваат опозицијата во Собранието, беа одвоени речиси еднакви времиња.

Во Извештајот се наведува дека МРТ1 го почитувал принципот за избалансирано известување утврден во членот 76-а став 3 од ИЗ. Во рамките на секој од деловите од вестите посебно, МРТ1 пропорционално го распределил времето меѓу субјектите.

МРТ1 исто така го почитувал и правилото од член 76-а став 12 и, известувањето за редовните активности на претставници на извршната и на општинските власти не беше во функција на нечија изборна кампања.

За односнот на примената на член 76-а од Изборниот законик со кој се бара ТВ Дневниците да бидат застапени во соодносност 30-30-30-10 % Агенцијата, како и во претходните изборни циклуси експлицитно посочува дека така наметната законска принуда е повеќекратно ограничување на новинарската слобода – и при редакцискиот избор релевантни општествено-политички теми и при изборот сообразен новинарски жанр за нивно обмислување – така што, за пример, редакцијата на ТВ Дневникот е уредувачки принудена исклучиво да регистрира, без можност да анализира одредено општествено-политичко случување, ситуација и/или состојба. Истовремено, законската обврска дека во рамките на секоја од трите целини од дневноинформативните емисии во кои се известува за изборите 30%+30%+10 времето ќе биде распределено следејќи го принципот на баланс, пропорционалност меѓу учесниците во изборната кампања со ист број листи со кандидати за пратеници, резултирало токму со суштински дисбаланс.

За посебни информативни емисии, кога започна кампањата за Парламентарните избори, таа се одвивал истовремено со кампањата за Претседателските избори, којашто веќе бил во тек, па оттаму и гостувањата во посебните информативни изданија на МРТ1 беа поврзани со двата изборни процеса. Во периодот на кампањата за Парламентарните избори,беше емитувано дебатно соочување на седумте кандидата за претседател на државата, како и интервјуа со тројца од кандидатите за претседател, со другите четворица беа претходно емитувани и со лидерите на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ.

Во врска со направени нтервјуа, вкупно 8 интервјуа биле премиерно емитувани на програмата на МРТ1 во периодот на кампањата за Парламентарните избори, која се одвиваше паралелно со изборните активности за Претседателските избори.

Единствената дебатна емисија, со сите седуммина кандидата за претседател на државата, Првиот програмски сервис на Македонската радио-телевизија ја реализираше во рамките на емисијата - „Избори 2024 – соочување“.Во другите дебатни емисии гостуваа политички аналитичари/универзитетски професори/новинари, а се дискутираше за резултатите од првиот круг на Претседателските избори и нивната импликација врз Парламентарните избори и друго.

За форматот Други информативни емисии, во две магазински изданија од актуелноинформативната емисија 360 Степени беа емитувани три стории/прилога поврзани со Парламентарните избори.

Можноста за бесплатно политичко претставување (БПП) изборни платформи, на програмата на МРТ1 ја искористиле 16 претставника од пет политички субјекта, учесници на Парламентарните избори: партиите - Десна, Родина Македонија и Единствена Македонија, и коалициите Храбро за Македонија и Европска иднина.

За информирање за лицата со сетилна попреченост, МРТ1 ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 и од членот 76-а став 4 од ИЗ, односно на знаковен јазик за лицата со оштетен слух.

За Македонска телевизија-Втор програмски сервис МРТ2 евидентирани се истите формати и жанрови на информирање.

Во Дневно-информативните емисии МРТ2 - Вториот програмски сервис на Македонската радио-телевизија, во вестите се потрудил да одговори на одредбата од членот 76-а став 2 од ИЗ за пропорционалниот соодноc.
Во извештајот е наведено дека МРТ2 го почитувал принципот за избалансирано известување утврден во членот 76-а став 3 од ИЗ, и во рамките на секој од деловите од вестите посебно, пропорционално го распредели времето меѓу субјектите. Но, и овде, како и кај МРТ1, ако се спореди времето распределено на учесниците со ист број кандидатски листи и приближно ист интензитет на кампањата за кои се известува во различните делови од Дневникот, ќе се види диспропорционалност која произлегува токму од почитувањето на првиот дел од законската обврска, поделбата на времето и тоа поради фактот што во различните делови од Дневникот имаше различен број субјекти, а приближно исто вкупно време. Така на пример поради законското процентуално ограничување за ДУИ било издвоено 1 час и 6 минути, додека за ВЛЕН/ВРЕДИ добил 33 минути затоа што требал времето да го сподели со уште со плус 3 партии.
И кај МРТ2 податоците од мониторингот покажуваат дека обврските од член 76-а ставови 2 и 3 не овозможуваат суштинско избалансирано покривање на изборниот процес.
Во однос на дебати, во анализираниот период, МРТ2 емитувал 3 дебати: една преземена од МРТ1 и две самостојно реализирани во актуелно-информативната емисија ЗООМ.
За бесплатното политичко претставување, никој од кандидатите за избор на идни пратеници не пројавил интерес, односно не ја искористил можноста за бесплатно презентирање на својата програма преку МРТ2.
За информирање за лицата со сетилна попреченостМРТ2 ги исполнил обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ и 76-а став 4, со титлување на изданија од вестите за изборните активности и во други емисии.
За Собранискиот канал за бесплатно политичко претставување предвиден во членот 76-а став 8 од ИЗ, програмскиот сервис наменет за активностите на Собранието има обврска за време на изборната кампања да обезбеди бесплатно политичко претставување (БПП) на кампањите на политичките партии – по три часа за застапените во Собранието и еден час БПП за кампањите за подносителите на листи незастапени во Собранието. Во периодот за изборната кампања за Парламентарните избори, само 5 од официјалните 17 учесника во изборниот процес го искористија ова законско право.
Како заклучок можам да кажам дека беслатното емитување на МРТ 1 и МРТ 2 не е атрактивно за големите политички партии и коалиции. И како финален заклучок можеме да кажеме дека и во двата извештаи за втор круг Претседателски и за Парламентарни избори јавниот сервис во целост ги почитувал предвидените законски одредби и други прописи во делот на медиумското покривање на овие избори.
По излагањето на Ристе Панов беше предложено и едногласно усвоено, за наредна седница на советот, да се повикаат Одговорните уредници и да се одржи заедничка расправа по извештајот на ААВМУ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател